## Кои зони и агломерации се дефинирани во Република Македонија?

Сегашниот квалитет на воздухот во Република Македонија во однос на $SO_2$, $NO_2$, NOx, CO, $O_3$, PM10, и TSP е оценуван во контекст на граничните вредности, и нивоата на праг от на оценка според подзаконските акти за квалитет на воздух.
Според извршената прелиминарна оценка земајќи ги предвид достапните податоци од 2005 до 2007 година и распределбата на емисиите во различни средини, дефинирани се Источна, Западна зона и агломерацијата Скопски регион. При дефинирање на агломерацијата користени се податоци за населението, односно бројот и густината на истото.
Земајќи ја во предвид состојбата со квалитетот на воздухот, извршените анализи и стручните мислења, во двете зони и агломерацијата Скопски регион дефиниран е Режимот 1 за сите испитувани загадувачки супстанци.

## Идни активности

Извештај за прелиминарна оценка на квалитет на воздухот треба да иницира подготовка на планови и програми за заштита и подобрување на квалитетот на воздухот во кои ќе се предвиди преземање на потребните мерки за намалување на нивоата на загадување и постигнување на соодветните гранични вредности за квалитет во утврдениот временски период. Програмите и акционите планови ги донесува Советот на општината и Советот на Град Скопје чие подрачје припаѓа во соодветната зона и агломерација. На следната мапа прикажана е припадноста на општините во Република Македонија во одделните зони и агломерацијата.




## Каде можете да најдете повеќе информации?

Следните документи можете да ги најдете на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање

- Твининг проект – компонента 3 – финални документи - Извештај за прелиминарна оценка на квалитетот на воздухот
- Закон за квалитет на воздух (Службен весник 67 /2004, 92/2007)
- Уредбата за гранични вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух и прагови на алармирање, рокови за постигнување на граничните вредности, маргини на толеранција за гранична вредност, целни вредности и долгорочни цели (Службен весник 50 /2005);
- Правилник за критериумите, методите и постапките за квалитет на амбиентниот воздух (Службен весник 82/2006);

Контакт:

*Министерство за животна средина и просторно планирање*

*Македонски информативен центар за животна средина*

*Адреса: бул.Гоце Делчев бб, кат 11, 1000 Скопје, Република Македонија*

*Телефон/Факс: 3220-165*

*E-mail: info@moepp.gov.mk*

*http://www.moepp.gov.mk*

Министерство за животна средина и просторно планирање

# Зони и агломерации во Република Македонија




2009

Македонски информативен центар за животна средина

## Вовед

Во денешно време воздухот кој го дишеме е се почесто загаден. Загадувањето на квалитетот на воздухот влијае врз здравјето на луѓето, еко системите и предизвикува оштетување на материјалите. Затоа е од особена важност да се следи состојбата со квалитетот на воздухот и да се врши оценување на истиот, со цел понатамошно преземање на мерки и активности за негова заштита и подобрување.




### Оценување




Моделирањето на загадувањето на воздухот служи за поврзување на квалитетот на воздухот со емисиите во квантитативна смисла. Имено за подготовка на моделите се применуваат технолошките и емисионите податоци од Катастарот на загадувачи и загадувачки супстанци.

Прелиминарната оценка на квалитетот на воздухот во Република Македонија, се базира на: постојните и репрезентативни континуирани мерења на квалитетот на воздухот во последните три години 2005-2007 година како и на податоците од Катастарот на загадувачи и загадувачки супстанци на Република Македонија и CORINAIR инвентарот.

Примената на соодветните методи во зоните со различни утврдени режими е сликовито прикажана.



Горен праг на оценка - Режим 1 (мерење)





Долен праг на оценка - Режим 2 (мерење + моделирање)



& Цел и Оценка

Режим 3 (моделирање + објективна оценка)

## Што се режими на оценување и како се одредуваат?

Квалитетот на воздухот зависи од тоа колкави се концентрациите на загадувачките супстанци во воздухот во однос на граничните вредности (ГВ). За оваа цел за загадувачките супстанци во правните акти се дефинирани два прага на оценување и тоа долен (LAT) и горен праг на оценка (UAT). Овие вредности претставуваат процентуални вредности од граничните вредности за секоја загадувачка супстанца соодветно. Зависно од концентрациите на загадувачките супстанции во однос на праговите на оценка, можни се три режими за одредување на квалитетот на воздухот. Режим 1, во кој концентрациите на загадувачките супстанции се над горниот праг на оценка (UAT); Режим 2, во кој концентрациите на загадувачките супстанции се помеѓу горниот (UAT) и долниот праг на оценка (LAT), и Режим 3, каде што концентрациите на загадувачките супстанции се под долниот праг на оценка (LAT).

## Кои методи се применуваат за оценување?

За прелиминарна оценка на квалитетот на воздухот можат да се употребат три основни методи или алатки на оценување, поединечно или во комбинација:

- Мерење на квалитетот на воздухот;
- Инвентари на емисија во воздухот;
- Моделирање на загадувањето на воздухот.

Мерењата на квалитетот на воздухот се користат за испитување на квалитетот на воздухот, посебно на оние места каде што можат да се очекуваат надминувања на концентрациите на загадувачките супстанци.

Инвентарите на емисии во воздухот обезбедуваат сеопфатни информации за изворите и нивните емисии и емисионите флуксови во целата зона/агломерација.